**ДЕМАНТ И БАРАЊЕ ЗА ИЗВИНУВАЊЕ**
**ОД РЕПУБЛИКА/ВЕЧЕР/ВЕСНИК.МК/ОФФ.НЕТ ЗА ПРЕЗЕМЕН ТЕКСТ**
**https://irl.mk/ka-mi-e-sonceto/**

Со оглед на тоа Вашите редакции некритички и без проверка на факти преzедоа и објавија текст од редакцијата ИРЛ, го испраќаме следниот

# ДЕМАНТ

Најостро демантираме и тврдиме дека е лага написот на ИРЛ дека било која друга фирма или лице се градители на фотонапонската централа од 50MW во Осломеј освен Соларпро Холдинг АД Софија. Партнер на АД ЕСМ во проектот за Јавно-приватно партнерство е фирмата-ќерка која ја формиравме во Скопје, а тоа е Друштво за производство на електрична енергија ОСМ Солар ДООЕЛ Скопје. Во наведената фирма не се случила никаква промена ниту на сопственичката структура ниту во управувањето, односно никој не ја купил или влегол со удел во неа по потпишување на договорот со АД ЕСМ за фотонапонската централа во Осломеј.

Бугарската компанија Соларпро Холдинг АД Софија е реномирана компанија која влезе во партнерство со ЕСМ давајќи најдобра понуда на меѓународен тендер по највисоки строги стандарди. Како странски инвеститор во Р. Северна Македонија, написот на ИРЛ го доживуваме како удар врз бизнис заедницата од странство и особено од блиска земја од соседството, посебно што никој не се обрати до нас со прашање и не ни беше дадена можност да пружиме точна информација.

Со оглед на тоа што авторот, уредникот и редакцијата неправилно ги прочитале и протолкувале јавните податоци до кои дошле, го даваме следното објаснување со цел да им биде појасно и ним и на читателите.

Тендерот за изградба на соларната централа на територијата на РЕК Осломеј во Република Северна Македонија е добиен од бугарското друштво Соларпро Холдинг АД Софија. За изградбата на централата и согласно тендерската документација е регистрирано ново друштво во Република Северна Македонија – ОСМ Солар ДООЕЛ. Како единствен сопственик на друштвото се јавува Соларпро Холдинг АД Софија.

Дејностите на Соларпро Холдинг АД Софија во Република Северна Македонија се извршуваат од регистрираната придружница Соларпро Холдинг АД – придружница во РМ и поврзаното друштво (ќерка) Соларпро Пауер ДООЕЛ. Соларпро Холдинг АД е во сопственост на инвестиционата група Реналфа Софија и г-дин Анѓушев нема никакво директно или индиректно учество во неа.

Цитираното во објавениот материјал друштвото РЕС (со предходно наименование Соларпро Холдинг ДООЕЛ) не е и никогаш не било дел од групата на Соларпро Холдинг АД, Софија, и нема никаква поврзаност со проектот во Осломеј. Како дополнување, можеме да посочиме дека,  цитираната компанија е лиценциран трговец со електрична енергија и не извршува дејност поврзана со проектирање, изградба и оперирање на фотонапонски електроцентрали и ниту има сопствени централи.

Одново би сакале да потенцираме, дека г-дин Кочо Анѓушев нема никакво директно или индиректно учество во Соларпро Холдинг АД Софија, ниту пак неговите поврзани друштва. Од тука и се заклучува дека не постој никаква поврзаност со проектот во Осломеј.

Со оглед на горенаведеното, јасно е дека со текстот кој некритички и без проверка го пренесовте, Вие гопрекршивте основното новинарско правило да ја побарате и втората страна пред објавувањето на написот и нанесовте штета на угледот и работењето на Соларпро Холдинг АД Софија и на целата групација. Затоа бараме демантирање нанеточните тврдења во текстот и извинување од страна на РЕПУБЛИКА / ВЕЧЕР / ВЕСНИК.МК / ОФФ.НЕТ.

Бараме овој демант да биде објавен на Вашиот медиум наистото место, во истиот формат и во истото временскозадржување на насловната страна како и текстот на кој сеоднесува демантот, согласно чл.16 од Уставот на Р. Северна Македонија, Законот за медиуми, Законот за граѓанскаодговорност и клевета и Кодексот за етика на новинарите.

19.05.2022
Софија

**Константин Ненов**

**Главен Извршен Директор и**

**Претседател на Советот на Директори**

**на Соларпро Холдинг АД**